ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ“

# ТОЛКОВЕН РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

## Т - Ш

ТОМ VI

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

Раководител на проектот:
д-р Снежана Велковска

Главен редактор:
д-р Кирил Конески

Редакција:
д-р Кирил Конески
д-р Живко Цветковски
д-р Снежана Велковска

Составувачи:
д-р Елизабета Бандиловска-Ралповска
д-р Олгица Додевска-Михајловска
д-р Снежана Велковска
д-р Снежана Веновска-Антевска
д-р Елка Јачева-Улчар
д-р Виолета Николовска
м-р Фани Стефановска-Ристеска
м-р Катица Топлиска-Евроска
д-р Живко Цветковски

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

# ТОЛКОВЕН РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

ТОМ VI

# Т-Ш

Скопје 2014

Матер

**Елизабет**
**Олгица**
**Снежана**
**Снежана**
**Елка Јач**
**Виолета**
**Фани Ст**
*фушкија*
**Катица**
**Живко**

© Сите права за ова издание се заштитени со закон. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот и на авторите.

Материјалот од овој том го обработија:

**Елизабета Бандиловска-Ралповска:** Ц.
**Олгица Додевска-Михајловска:** *шетратка - тушира.*
**Снежана Велковска:** У, Ч, *физио- - формант;* скратеници.
**Снежана Веновска-Антевска:** Ш, сврзници и честици.
**Елка Јачева-Улчар:** географски имиња.
**Виолета Николовска:** *ф - физикален.*
**Фани Стефановска-Ристеска:** *т - тетрапак; формант - фушкија;* Ќ, Џ.
**Катица Топлиска-Евроска:** Х.
**Живко Цветковски:** предлози; скратеници.

Од Редакцијата

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

**811.163.3'374.3(038)**

**ТОЛКОВЕН речник на македонскиот јазик. Т. VI, Т-Ш /** [раководител на проектот Снежана Велковска; главен редактор Кирил Конески; составувачи Елизабета Бандиловска-Ралповска ... и др.], - Скопје : Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", 2014. - 572 стр. ; 25 см

**ISBN 978-608-220-029-3** (т. 5)

1. Велковска, Снежана [уредник] 2. Конески, Кирил [главен уредник]
а) Македонски јазик - Речници, толковни
**COBISS.MK-ID 97253386**

За издавачот:
д-р Мери Цубалевска, в.д. директор
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" - Скопје.
Компјутерска обработка: Александар Велковски.
Автор на корица: Александар Велковски.
Коректура: Олгица Додевска-Михајловска, Снежана Велковска, Снежана Веновска-Антевска, Фани Стефановска-Ристевска, Катица Топлиска-Евроска

Печатено во „Винсент графика" - Скопје

Тираж 1000 примероци.

Печатењето е финансирано од:

Министерство за образование и наука на Република Македонија,
Министерство за култура на Република Македонија и
Општина Гази Баба Скопје

# Ф

**Ф 1.** Глас, безвучна согласка во македонскиот стандарден јазик, уснена според местото на образување, струјна според начинот на образување. **2.** Дваесет и шесттата буква од азбуката со која се обележува гласот **ф.**

**Фабрика,** ***мн.*** фабрики *ж.* Поголемо производствено претпријатие со механизиран процес на производство, употреба на машини, со поголем број работници и со точно определена поделба на трудот. *Текстилна фабрика. Фабрика за кожи. Фабрика за стакло. Фабрика за шеќер. Фабрика за конзерви.* ◊ **Фабрика на илузии** – филм. ‖ **фабрички / фабричен,** фабричкиот / фабричниот *прид. Фабрички оџак.*

**Фабрика́нт,** *мн.* фабрика́нти *м.* Човек што поседува фабрика. *Се обогати, стана фабрикант, индустријалец, милионер.* ‖ **фабрика́нтски,** фабрикантскиот *прид.*

**Фабрика́т,** *мн.* фабрика́ти *м.* Производ изработен во фабрика. *Фабрикат на индустријата за мотори.*

**Фабрикација,** *мн.* фабрикации *ж.* Фабричко производство на стоки. *Фабрикација на стоки за широка потрошувачка.* **2.** (прен.) Правење нешто во големо количество, обично неквалитетно. *Фабрикација на дипломи.* **3.** (прен.) Измислување и ширење невистини. *Фабрикација на вест презентирана во некое од средствата за јавна комуникација. Фабрикација на непроверени вести.*

**Фабрикува,** фабрикуваат *несв.* **1.** Произведува на фабрички начин. *Фабрикува машини.* **2.** (прен.) Измислува и шири невистини. *За да се одржи на власт, тој очајно фабрикува приказни.* ‖ *глаг. им.* **фабрикување** *ср.*

**Фабрици́ра,** фабрицираат; фабрицира́јќи *несв.* в. фабрикува. ‖ *глаг. им.* фабрицирање *ср.*

**Фабула**, *мн.* фабули *ж.* **1**. Содржина, развој на настаните во едно литературно дело. *Историска фабула. Новелистичка фабула. Лирска фабула. Занимлива фабула.* **2.** Басна. *И другите животни во определена фабула имаат соодветна алегорија.* **3.** Измислена приказна, бајка. *Двте фабули имаат заеднички моменти, но и сериозни разлики.*

**Фабулен,** фабулниот *прид.* Што се однесува на фабула.

**Фабулација**, *мн.* фабулации *ж.* Создавање фабула. *Фабулацијата како важен дел во создавањето на една литературна творба.*

**Фабули́ра,** фабули́раат; фабулира́јќи *св.* и *несв.* Создаде, создава фабула. *Романот го фабулира со леснотија. Фабулира дејство. Фабулира расказ.* ‖ *глаг. им.* **фабулирање** *ср.*

**Фабуло́зен,** фабуло́зниот *прид.* (книж.) Штое како во фабула, неверојатен, чуден, необичен. ‖ **фабуло́зно** *прил. Таа книга фабулозно го отсликува животот.*

**Фаворизација** (само *едн.*) *ж.* Поткрепување некого или нешто од лична наклонетост. *Не покажуваше склоност кон фаворизација на никој од кандидатите. Фаворизацијата на таа идеја го однесе во погрешен правец.*

**Фаворизи́ра,** фаворизираат; фаворизира́јќи *несв.* Поткрепува, дава предност некому или на нешто од лична наклоност. *Обајцата ги фаворизира за членови на Управниот одбор. Тие мажи го фаворизирале својот пол.* ‖ *глаг. им.* **фаворизирање** *ср.*

**Фаворизирачки,** фаворизирачкиот *прид.* Што фаворизира. *Фаворизирачки однос.*

**Фавори́т**, *мн.* фаворити *м.* **1.** Некој или нешто што има најмногу изгледи да победи на некој натпревар или конкурс. *Таа песна се смета за фаворит на конкурсот. Фаворитот на трката пристигна трет. Кој е твој фаворит на натпреварот?* **2.** Омилена личност. *Обајцата ученици му биле фаворити. Талентираните, а скромни студенти беа секогаш негови фаворити.* ‖ **фавори́тка,** фавори́тки *ж.*

**Фаго́т,** *мн.* фаго́ти *м.* (муз.) Дрвен дувачки музички инструмент со длабок звук. *Свири на фагот.*

**Фагота́ст,** *мн.* фагота́сти *м.* Музичар што свири на фагот. *Настапија двајца фаготисти.* ‖ **фагота́стка,** *мн.* фагота́стки *ж.*

**Фаза,** *мн.* фази *ж.* **1.** Одделен степен во развојот на нешто, етапа, стадиум. *Нова фаза. Тешка фаза. Минлива фаза. Во која фаза е неговата болест?* **2.** (астр.) Различен изглед на Месечината и на планетите што зависи од нивната положба во однос на Сонцето и Земјата, мена. *Фази на Месечината: млада Месечина, полна Месечина.* **3.** (физ.) Моментна состојба во движењето на една точка при осцилирањето. **4.** (хем.) Агрегатна

состојба на некој елемент. *Истовремено постоење на две фази – течност и тврдо тело: вода и мраз.* **5.** (техн.) Одделна група намотки на генератор, а исто така и спроводникот што ја предава електричната енергија. *Мотор со три фази.* **6.** (елект.) Коло од полифазен систем на наизменична струја со иста фреквенција. *По дефектот, снема една фаза од струјата, па не можевме да го вклучиме бојлерот.*

**Фазан,** *мн.* фазани *м.* (зоол.) Вид ловна птица од родот кокошки со потекло од Западна Азија; Phasianus colchicus. *Црнозлатен фазан. За ручек носеше фазани.* ‖ **фазанче,** *мн.* фазанчиња *ср.* дем. ‖ **фазаниште,** *мн.* фазаништа *ср.* аугм.

**Фазанерија,** мн. фазанерии *ж.* Ограден простор каде што се одгледуваат фазани. *Фазаните се одгледуваат во вазанерии.*

**Фазанов,** фазановиот *прид.* Што се однесува на фазан, што е од фазан. *Фазанови пердуви.*

**Фазла** *прил.* (разг.) Отповеќе, повеќе од определеното, од потребното. *Фазла пари. И не ми рече (таа) ниту еден лаф фазла. Јас немам фазла животи.*

**Фазон,** *мн.* фазони *м.* **1.** Начин на изработка, облик, крој. *Фазонот на палтата тогаш бил поинаков. Па кога ќе им даде фазон на реверите! Фазон на шапка.* **2.** (разг.) Занимлива досетка. *Неговите фазони се многу интересни. Тој имаше некои свои фазони. Тоа беше нејзин страшен фазон и штос.* ◊ **Во тој фазон** – во тој правец. *Муабетот му течеше во тој фазон. Забелешката му беше во тој фазон.*

**Фазони́ра,** фазонираат, фазонира́јќи *св.* и *неесв.* Оформи, оформува, обликува, даде, дава фазон. *Му ја фазонира шапката. Му ја фазонира фризурата.* ‖ *глаг. им.* **фазонирање** *ср.*

**Фаја́нс** (само *едн.*) *м.* **1.** Вид керамика од печена глина глазиран со бела непроѕирна глазура погоден за декорирање на украсни предмети. **2.** Садови, предмети изработени на тој начин.

**Фаја́нсен,** фаја́нсниот и **фаја́нсов,** фајансо́виот *прид.* Што се однесува на фајанс, што е од фајанс.

**Фајда** (само *едн.) ж.* в. фајде

**Фајде** (само *едн.*) *ср*. **1**. (разг.) Корист, интерес. *Од тоа нема фајде? Кога видела дека нема фајде, си заминала.* **2.** (арх.) Камата. *Давал пари под фајде. Фајде на фајде и долгот кај него ќе ти расте.*

**Фајделив,** фајделивиот *прид.* (арх., разг.) Корисен. *Фајделива работа. Фајделива поука.*

**Фајл,** *мн.* фајлови *м.* Програма и посебен дел од компјутерска програма, документ, слика, музичка композиција и друг тип на податоци запишани во дигитална форма и снимени, сместени како посебна логичка и физичка целост на некој носител на податоци: тврд диск, магнетна лента и др.

**Фајронт** (само *едн.) м.* (разг.) Време кога се завршува со работата, особено во врка со ноќните локали и кафеани. *Фајронт, сите дома! Ќе седиме до фајронт!*

**Фак,** *мн.* факови *м.* **1.** Стапица за фаќање птици, глувци. *На таванот поставив фак за глувци.* **2.** (прен.) Стапица воопшто. *Тој самиот си влегол во факот.*

**Факел,** факелот *мн.* факли *м*. Прачка, палка чиј еден крај е намотан со колчишта и премачкан со нешто што може да дава и одржува пламен. *Коњаници наоружани со факли во рацете. Фрлил запален факел во бурињата со барут.* ‖ **факелски,** факеслкиот *прид.*

**Факир,** *мн.* факири *м.* Индиски аскет кој со упорно вежбање стекнува такви вештини што изгледаат невозможни и чудесни. ‖ **факирски,** факирскиот *прид.*

**Факла,** *мн.* факли *ж.* в. факел

**Факлоносец,** *мн.* факлоносци *м.* Тој што носи факел. *Се погрижија за факлоносците.*

**Факс**[1]**,** *мн.* факсови*, избр. мн.* факса *м.* сп. Телефакс

**Факс**[2]**,** (само *едн.) м.* (жарг.) в. факултет

**Факман,** *мн.* факмани *м.* в. фахман

**Факсимил**, *мн.* факсимили *м.* **1**. Верна копија, репродукција на ракопис, слика, цртеж итн. на оригиналот. *Факсимил на стар ракопис. Факсимил на документ*. **2.** Печат со кој се копира нечиј потпис.

**Факт**, *мн.* факти *м.* **1**. Нешто што постои, што е стварно, што се случува. *Очевиден факт. Неоспорен факт. Работите можат правилно да се оценат ако се познаваат фактите.* **2**. Тоа што се изнесува како доказ, како податок. *Во судот се проценуваат фактите. Изнесе нови факти.*

**Фактицитéт** (само *едн.*) *м.* сп. фактичност.

**Фактичен**, фактичниот *прид.* сп. фактички. ‖ **фактично** *прил.*

**Фактички**, фактичкиот *прид.* Што е потврден како факт, постоен, вистинит. *Фактичка состојба. Фактички резултати. Фактички докази.* ‖ **фактички** *прил. Фактички не веруваше во тоа.*

**Фактичност** (само *едн.*) *ж.* Реалност, состојба, вкупно дејство на тоа што е фактично, што фактички постои.

**Фактограф**, *мн.* фактографи *м.* Тој што се занимава со фактографија, на кој изнесувањето на фактите му е основен пристап во проучувањето на нешто (особено на историските настани). *Тој беше трудољубив фактограф на своето време.*

**Фактографија** (само *едн.*) *ж.* Опишување на факти без навлегување во анализа. *Авторот строго се придржува кон фактографијата.* ‖ **фактографски**, фактографскиот *прид.*

**Фактор**, *мн.* фактори *м.* **1**. Движечка сила, средство или услов за некој процес или појава. *Политички фактор. Културните растенија својот живот го одвиваат во непосредна врска со факторите на надворешната средина.* **2**. Човек или општествена група што има влијание врз нешто. *Надлежните фактори го контролираат градењето на новата фабрика.* ◊ **Човечки фактор** – грешки предизвиканиии од психофизичката состојба на човекот (замор, невнимание и сл.).

**Фактýра**, *мн.* фактýри *ж.* **1.** Сметка за продадена стока или извршена услуга со детален опис за видот, типот, цената и сл. на тоа што е предмет на фактурирање. *Фактура за печатарски трошоци.* **2**. Начин на изработка на уметничко дело (музичко, книжевно). *Интимистичка фактура на пеењето. Современа изразна фактура. Ритмичка фактура. Тие изрази не се вклопуваат во текст што треба да носи говорна фактура.*

**Фактури́ра,** фактурираат; фактурира́јќи *св.* и *несв.* Издаде, издава, наплати, наплатува фактура. 1. ‖ *глаг. им.* фактурирање, *мн.* фактурирања *ср. Изврши неколку фактурирања во текот на денот.*

**Фактурист,** *мн.* фактуристи *м.* Тој што врши фактурирање.

**Факултати́вен**, факултати́вниот *прид.* Незадолжителен, што може да се избере по своја волја. *Факултативен предмет на студии.* ‖ **факултати́вно** *прил. Странскиот јазик се изучува факултативно.* ‖ **факултати́вност** *ж.*

**Факулте́т**, *мн.* факулте́ти, *избр. мн.* факултета *м.* Посебна целина во рамките на еден универзитет каде што се изучуваат сродни дисциплини и специјалности. *Педагошки факултет. Филолошки факултет. Медицински факултет. Заврши два факултета.* ‖ **факулте́тски**, факулте́тскиот *прид. Факултетска диплома. Факултетска зграда. Факултетска библиотека.*

**Факултетлија**, *мн.* факултетлии *м.* (жарг) Човек со факултетско образование.

**Фала** *изв.* Израз за искажување благодарност. *Фала ви за таа поука. Фала ти за разбирањето и поддршката во овие моменти.*

**Фалага** и **фалака**, *мн.* фалаги и фалаки *ж.* (арх.) Направа за мачење, за тепање по стапалата. *Нам не ни треба бич и фалага. ...ни ги тегнеа рацете и нозете, ни ги свиваа во железна фалага...*

**Фаланга**, *мн.* фаланги *ж.* **1**. (истор., воен.) **а)** Збиена борбена формација составена од тешка пешадија вооружена со долги копја, јадро на античката македонска војска. *Македонска фаланга.* **б)** Слична таква борбена формација во античко време. **2**. (прен.) Компактна група луѓе, обединета за заедничка намера, за определена цел. **3.** (анат., само *мн.*) Коските на прстите на рацете и нозете. **4.** (зоол.) Фамилија пајаци со многу долги нозе и многу ситно тело; Phlangidae.

**Фалба**, *мн.* фалби *ж.* **1**. сп. пофалба. **2.** Претерано фалење на самиот себеси, на своите особини, успеси итн. **3.** Закана, заплашување. *Твојата фалба со ќотек нема да ме уплаши.* ◊ **Фалбата е ʼрѓа** – не е добро човек сам да се фали.